Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 531 www.mchamber.mk 26.5.2023

# ПОТРЕБНА Е ИЗВОЗНА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА!

## ДРЖАВАТА МОРА АКТИВНО ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ТОЈ ПРОЦЕС СО ЦЕЛ ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ






## Азески главен говорник на инаугуративниот лидерски дијалог во Југоисточна Европа што се одржува во рамките на 2023 Beyond International Expo во Солун

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense

## СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, SPARKASSE, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, A1

## СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, VezeSHARRI, AllianceOne



достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ПРЕЗЕНТИРАН МОДЕЛ ЗА КАРИЕРНО ИНФОРМИРАЊЕ ОД ПРОЕКТОТ НА ХЕЛВЕТАС „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ НА ГЛОБАЛНИОТ САМИТ ЗА МЛАДИНСКИ ЕКОНОМСКИ МОЖНОСТИ



Стручното образование и обука стануваат сè попрепознатливи меѓу идните средношколци, а квалификациите што се добиваат со знаење и со вештини преку овие образовни профили се препознати на пазарот на трудот. За важноста на стручното образование и обука зборува и фактот дека Европската комисија ја прогласи 2023 година за европска година на вештините, што зборува за посветеноста на Обединетите нации за остварување на целите за одржлив развој до 2030 година.

Во насока на остварување на целите за одржлив развој, во рамките на иницијативата YEO 2030, а во организација на Making Cents International, во периодот од 16 до 18 мај во САД се одржа Самитот за глобални младински економски можности. Годинешната агенда во фокусот ги имаше побарувачката за зелени вештини, дигитални вештини и меѓугенерациско програмирање, менторство за претприемачи и за ангажман на приватниот сектор во образованието.

Во рамките на третиот ден насловен „Подготвени за глобалната работна сила“, тим предводен од „Хелветас“ одржа панел-сесија на тема „Младите се важни – донесете информирана одлука за кариерата денес за пристојна работа утре“. На панел-сесијата беа претставени трите модели развиени во рамките на проектите што ги реализира „Хелветас“ во Албанија, Македонија и во Непал, кои на различен начин влијаат врз подобрувањето на информирањето на младите лица за потребите на пазарот на трудот,

насочувајќи ги спрема квалификациите кои се барани од работодавците.

Учесниците имаа можност да се запознаат со моделот на дигитален саем, кој беше развиен во рамките на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, во кој Стопанската комора на Северна Македонија е стратешки партнер. Сесијата модерирана од м-р Надире Селими, менаџер за управување со знаење и со учење во „Хелветас Источна и Југоисточна Европа“, и од м-р Михајло Донев, в.д. оперативен директор за развој, иновации и за знаење при Стопанската комора на Северна Македонија, опфати запознавање со моменталните изгледи во Македонија; со перцепцијата на младите лица, од една страна, но и на приватниот сектор, од другата страна, и со моделот на дигитален саем наменет за деветоодделенците, кој на едно место ги обединува стручните училишта, работодавците, професионалците, кои на автентичен начин ја претставуваат својата струка, и младите лица кои по завршувањето на стручното образование веќе работат и ја градат својата професионална кариера. Во рамките на сесијата беше реализирана и кратка работилница каде што присутните имаа можност преку методот на решавање проблеми подетално да се запознаат и да придонесат за унапредување на секој од трите претставени модели.

Стопанската комора на Северна Македонија активно работи на афирмацијата на стручното образование и обука преку поттикнување на приватниот сектор за вклучување во дуалното образование и учење преку работа. Годинешниот Дигитален саем за уписи во стручно образование, кој се реализираше на 19 мај 2023 година, исто така, беше во организација на Комората, со што се потврдуваат долгорочните заложби за поголема вработливост преку навремено информирање на младите деветоодделенци при носењето правилна одлука за градење на натамошната кариера.






# ТРЕТ ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ГРАНТОТ ОД СТО И ПЕДЕСЕТ ДО ШЕСТОТИНИ ИЛЈАДИ ЕВРА ЗА ПРИМЕНА НА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ




Регионалниот фонд за предизвици, кој претставува финансиски инструмент за унапредување на стручното образование и обука за да се зголеми на вработливоста, особено кај младите, и за реализација на квалитетна практична обука и учење преку работа, го објавува третиот повик за изразување интерес за добивање грант од 150.000 до 600.000 евра.

Третиот повик за изразување на интерес ќе биде отворен од 22 мај 2023 до 7 јули 2023, до 23:59 часот. Повикот ќе се објави истовремено во шесте држави од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Фондот очекува апликации од сите шест држави и од сите економски сектори.

Фондот ја поттикнува конкурентноста на претпријатијата во економиите од Западен Балкан преку финансирање инвестиции во опрема и во инфраструктура за проекти за стручно и за дуално образование кои се реализираат по пат на партнерства меѓу установите за стручно образование и обука и претпријатијата. Грантовите се доделуваат преку натпревар на регионално ниво.

Изјави за изразување интерес можат да поднесат конзорциуми составени од една образовна институција (установа за стручно образование и обука или високообразовна институција) и најмалку две претпријатија кои заедно изработуваат и реализираат програми за дуално образование или практична обука (учење преку работа). Конзорциумите треба да бидат предводени од образовни институции кои реализираат програми што водат кон стекнување квалификации кои се национално признати.

Процесот на аплицирање за поддршка од Регионалниот фонд за предизвици се одвива во две фази:

прва фаза – конзорциумите поднесуваат формулар за изјавување интерес;

втора фаза – конзорциумите кои ќе бидат првично избрани по завршувањето на првата фаза поднесуваат предлог-проекти со детален план за инвестирање.

# Азески главен говорник на инаугуративниот лидерски дијалог во Југоисточна Европа што се одржува во рамките на 2023 Beyond International Expo во Солун




Потпретседателот на КИФ, Бранко Азески, кој е и претседател на Стопанската комора ќе биде главен говорник на инаугуративниот лидерски дијалог во Југоисточна Европа што се одржува во рамките на 2023 Beyond International Expo, од 24 до 26 мај 2023 година, во Меѓународниот изложбен и конгресен центар во Солун.

Азески ќе учествува на панел-сесијата на тема: Дигитална трансформација во ерата на прекугранични инвестиции и економска дипломатија. Дали Балканот може да стане следната жешка точка за инвестиции?“ што ќе се одржи на 25 мај во 15:30 часот. Оваа сесија е наменета за менаџери кои се фокусираат на најсовремените технологии и иновации од нашиот регион, клучни креатори на политики, политички лидери и службеници од меѓународни организации.

Меѓу очекуваните говорници се: министерот за дигитално управување на Грција, потпретседателката на Европската инвестициска банка (ЕИБ), како и министри во Владите на Албанија Грција, Црна Гора и Романија.

BEYOND меѓународниот саем и конференција се дизајнирани да бидат фокусна точка за иновативните претпријатија активни во новите технологии. Во текот на последните две години, овој настан е препознаен како меѓународна платформа за размена на мислења и идеи истражувајќи го општественото и економското влијание на 4-та индустриска револуција и повеќекратните можности создадени во технолошкиот сектор во развој. Токму прашањата за кои ќе се осврне потпретседателот на КИФ, Бранко Азески во своето излагање се поврзани со процесите на дигитална трансформација за компаниите од регионот на Западен Балкан, што е еден од приоритетите на Коморскиот инвестициски форум.



# ПОТРЕБНА Е ИЗВОЗНА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА! ДРЖАВАТА МОРА АКТИВНО ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ТОЈ ПРОЦЕС СО ЦЕЛ ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ



Најголем проблем зошто македонскиот извоз не може да испорача повисоки стапки на економски раст е неповолната извозна структура и ниска домашна додадена вредност на извозот. Втор сериозен проблем со кој се соочува македонскиот извоз е ниската извозна диверзификација од аспект на број на извозни компании, производи и пазари. Од вкупно 3.500 извозни компании само 450 компании извезуваат со вредност над 1 милион долари и само 1.300 компании извезуваат со вредност поголема од 100.000 долари. Македонскиот извоз се пласира на мал број извозни пазари со силна концетрација на само неколку пазари од регионот и ЕУ, а домашните компании извезуваат мал број на извозни производи, истакна проф. д-р Дарко Лазаров, претседател на Клубот на извозници при Стопанската Комора, во гостување во емисијата “Економски магазин” на Алсат-М телевизија.

Оваа слика може да се промени само преку активна поддршка на државата во насока на стимулирање на компаниите со цел технолошка модернизација, развивање на одделенија за развој, воведување на меѓународни стандарди за квалитет, и градење на менаџерски и маркетинг капацитети за меѓународен бизнис, посочи Лазаров. Според него, државта треба да работи на подобрување на условите за водење бизнис, поттикнување на иновациите, подобрување на инфраструктурата и квалитетот на образованието, бидејќи само на тој начин може да изградиме конкурентна економија и компании кои ќе бидат подготвени да се борат на регионалните и странските пазари.

Истовремено, професорот Лазаров посочи дека Клубот на извозници како специјализирано тело во рамки на Комората работи на конкретни мерки за поддршка на извозно ориентираните компании, а ново формираниот Национален совет за извоз со кој раководи Стопанската комора и Претседателот Бранко Азески се клучни механизми за јавно приватен дијалог кој има задача да го издигне извозот како врвен национален приоритет на државата и преку истиот да обезбеди полесно канализирање на сите бизнис иницијативи и предлози во насока на унапредување на домашниот извозен сектор.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Online Бизнис средби 24.05.2023 - 25.05.2023**

# Меѓународни онлајн деловни средби - Speed-Match 2023 воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор

Во рамки на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Стопанската комора на РС Македонија во партнерство со Индустриската комора на Ескишехир, ве покануваат да учествувате на Меѓународните деловни средби за (онлајн) вмрежување во воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор - Speed-Match 2023 година, што ќе се одржат на 24-25 мај 2023 година, во Ескишехир, Турција.

Овој настан ќе им овозможи на големите компании, мали и средни компании, комори, кластери, инвеститори, јавни институции и здруженија единствена можност да воспостават деловни и технолошки партнерства преку однапред закажани состаноци во три индустрии, воздухопловна, железничка и автомобилска индустрија.

**Воздухопловна индустрија**

Производство на делови за мотори, структурни делови, формирање на лим, производство на алати и жици, прецизно вртење, кабли и жици, специјални процеси, површинска обработка, монтажа, интеграција итн.

**Железничка индустрија**

Производство на локомотиви, производство на вагони и компоненти, кабина, багажник, дизел мотор, производство на системи за сопирање, решенија за сигнализација, електроенергетски системи и кабли, прецизно леење, прецизна обработка, монтажа, бојадисување, обложување итн.

**Автомобилска индустрија - добавувачи**

Производство на камиони, лесни комерцијални возила, погонски агрегати, мотори и делови од моторот, каросерии на вратило, противпожарни возила, возила за спасување, дигалки за кревање автомобили, системи за заклучување на вратите на возилата, приколка, фиоки, системи за седишта, бандажи, кабини за оператори, шасија, осовина, вратило на задна брзина и автомобилски делови, итн.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Семинар 29.05.2023**

# EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 29 мај (понеделник) 2023 година организира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ. Стандардната промоција на компаниите повеќе не е доволен репер за тоа дали една компанија е добар работодавец или не. Сите напори вложени во Employer Branding и промоција на брендот се недоволни доколку истовремено не се води активна Employee Advocacy програма каде самите вработени ги поддржуваат и поткрепуваат тврдењата кои компанијата сама ги пласира преку промотивните пораки. Employee Advocacy е пристап кој од вашите вработени создава амбасадори на вашата компанија. Преку разработени техники, тие се поттикнуваат и мотивираат да споделуваат за компанијата, давајќи поширока и порелевантна слика за работењето и достигнувањето на компанијата.

Интерактивниот семинар се фокусира на запознавање со Employee Advocacy како концепт, совладување на најпопуларните техники на поттикнување на advocacy и осознавање на причините за успех на компаниите кои имаат развиени Employee Advocacy системи.

Која е целта на семинарот:

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со овој начин на екстерна комуникација, да претстави методи и техники за нејзино поттикнување и да ги подготви посетителите самите да ги спроведуваат во склоп на нивните компании или организации.

Предавач:

Ива Дујак е доктор на науки од областа на маркетингот, со специјализација дигитален маркетинг.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
30.05.2023

# ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ И КРЕИРАЊЕ НА "КЕШ БУЏЕТИ" СО НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Екселот е алатка за планирање и предвидување на идните готовински текови. Со него може да се изготви детален преглед на паричните текови и изготви таканаречен "Кеш Буџет", кој може едноставно да се објасни како документ кој претставува листинг на антиципирани готовински приливи и одливи на компанијата за одреден период. Станува збор за еден од најкомплексните документи со многу меѓусебно поврзани делови и целини.

Изработката и апдејтирањето на кеш буџетот за големите фирми не е алтернатива, туку базична потреба. За разлика од Планскиот Биланс на Успех, Кеш Буџетот опфаќа само актуелни парични текови.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните готовински текови и Кеш Буџет, со трите дела (работна платформа, листинг на сите готовински приливи и одливи и калкулација на крајниот кеш баланс и детерминирање на потребата за позајмување на средства- задолжување).

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиската контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Преку овој онлајн семинар ќе дознаете како да го изготвите Кеш Буџетот за детерминирање на планските претпоставки за финансиските планови и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
31.05.2023

# Специјалистички еднодневен „он-лајн" семинар на тема:ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 31 мај 2023 година (среда) организира специјалистички еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Предавач:

- Игор Ќика, дипломиран инженер по менаџмент и консултант за менаџерски системи

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Тренинг обука
06.06.2023 -
07.06.2023

# Дводневна тренинг-програма на тема: ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ: ПАТ КОН РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Брзиот технолошки развој и продор на информациско-комуникациските технологии преку процесите на дигитална трансформација несомнено наметнуваат потреба од приспособување на деловните процеси и прифаќање на дигитализацијата во компаниите во насока на задржување на конкурентноста и подигнување на ефикасноста во работењето.

Во насока на подигнување на капацитетите на високо образовните кадри во македонските компании, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, за потребите на бизнис заедницата, на 6 и 7 јуни 2023 година организира тренинг-програма на тема: „Дигитална трансформација за македонските компании: Пат кон регионална интеграција“. Програмата се организира во рамки на проектот „Поддршка од ЕУ за Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан“ финансиран од Европската Унија.

Цел на програмата:
Програмата има за цел да ги подготви претставниците на компаниите со знаења и вештини неопходни за успешно совладување на предизвиците кон патот на дигиталната трансформација. Учесниците на Програмата ќе имаат можност да добијат значајни информации кои ќе им овозможат интеграција на македонските компании во регионалното дигитално подрачје на Западен Балкан и нивно унапредување во интеграцијата кон пан-европскиот дигитален пазар.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Саем
08.06.2023 -
09.06.2023

# Покана за Б2Б средби на тема: „ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА“ 8 - 9 јуни 2023 година, Солун, Грција

По повод првата саемска изложба и конгресен настан Forward Green ( FG Expo ), Федерацијата на индустрии на Грција (SBE) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, во рамки на Enterprise Europe Network, заедно со TIF HELEXPO SA организираат настан за натпревари од 08 – 10 јуни 2023 година, во салонот TIF-HELEXPO во Солун, Грција.

Овој B2B настан има за цел да придонесе за имплементација на нов претприемачки дух за Грција, заснован на циркуларна економија, зелен развој и трансформација на бизнис модели со цел да се зачуваат природните ресурси и да се придвижат кон одржлив развој. Овој нов пристап кон економијата се однесува на голем број процеси кои бараат планирање, а започнува со употреба на суровини и води сè до производство, дистрибуција, потрошувачка и рециклирање на потрошените производи, така што најмала количина на отпадот завршува во околината.

Билатералните средби ќе се одржат во првиот и вториот ден од 3-дневната изложба (08 - 10 јуни 2023 година) за најдобра можна организација, со цел да се добие максимална вредност и резултати во најефикасен временски рок.

Покрај b2b состаноците што ќе се организираат, учесниците ќе имаат можност да ги искористат предностите од присуството на различни специјални настани организирани паралелно со изложбата, со фокус на зеленото претприемништво и иновациите.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088